# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

27 април 2018 | Излегува по потреба | Година XIII | број 7



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.04.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1910/1**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година, бр.02-311/4 од 29.03.2018 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Деветтата седница одржана на ден 25.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година, бр.02-311/4 од 29.03.2018 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ ""ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈУДГ ""ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1760/3**
**од 25.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.04.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1910/2**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година, бр.02-204/6 од 28.03.2018 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Деветтата седница одржана на ден 25.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈУДГ "25 МАЈ" - - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година, бр.02-204/6 од 28.03.2018 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1760/4**
**од 25.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, ВО ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.04.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1910/3**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) а во врска со член 116 став (1) алинеја 8 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 22/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на на работните места во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.02-204/4 од 28.03.2018 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Деветтата седница одржана на ден 25.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, ВО ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.02-204/4 од 28.03.2018 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1760/5**
**од 25.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД ГРАД СКОПЈЕ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.04.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1910/4**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (15) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по одлуката на Советот на Град Скопје, бр.27-1874/12 од 01.03.2018 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.2/18), Советот на Општина Гази Баба на Деветтата седница одржана на ден 25.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД ГРАД СКОПЈЕ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**Член 1**

За претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје, се именува:

**- ЈАСМИНКА ПЕШЕВСКА.**

**Член 2**

Мандатот на именуваниот претставник во управниот одбор од член 1 на оваа одлука, трае 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за именување на претставник од Град Скопје, во управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/13).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1760/6**
**од 25.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД ГРАД СКОПЈЕ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.04.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1910/5**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (15) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по одлуката на Советот на Град Скопје, бр.27-1874/11 од 01.03.2018 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.2/18), Советот на Општина Гази Баба на Деветтата седница одржана на ден 25.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД ГРАД СКОПЈЕ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

За претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, се именува:

**- СОЊА ЛАЗЕСКА**.

**Член 2**

Мандатот на именуваниот претставник во управниот одбор од член 1 на оваа одлука, трае 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за именување на претставник од Град Скопје, во управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/13).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1760/7**
**од 25.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЕРОЗИВНИ ПОДРАЧЈА И ПОДРАЧЈА ЗАГРОЗЕНИ ОД ЕРОЗИЈА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за прогласување на ерозивни подрачја и подрачја загрозени од ерозија во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.04.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1910/6**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 135 став (2) од Законот за водите ("Службен весник на РМ" бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), член 22 став (1) точка 2, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со Студијата за ерозија и акционен план за градот Скопје - UNDP 15/2017, Советот на Општина Гази Баба на Деветтата седница одржана на ден 25.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЕРОЗИВНИ ПОДРАЧЈА И ПОДРАЧЈА ЗАГРОЗЕНИ ОД ЕРОЗИЈА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се прогласуваат ерозивни подрачја и подрачја загрозени од ерозија во Општина Гази Баба, согласно конечната верзија на Студијата за ерозија и акционен план за градот Скопје - UNDP 15/2017, изготвена од тим од Универизтетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје - Шумарски факултет во Скопје - катедра за земјиште и вода, со поддршка на експерт за свлечишта од Градежниот факултет - проектот финансиран од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) преку проектот "ИКТ за урбана отпорност".

**Член 2**

Ерозија, согласно Законот за водите (член 134 став 1) е распаѓањето на земјиштето и разнесување на честиците под влијание на водата, во обем што го деградира површинскиот слој на земјиштето.

Ерозивно подрачје, согласно Законот за водите (член 134 став 2) е подрачјето зафатено со видливи траги од ерозија и каде што површинскиот слој на земјиштето е деградиран.

Подрачје загрозено од ерозија, согласно Законот за водите (член 134 став 3) е земјиштето на коешто сé уште не се видливи траги на ерозија, но таа може да се појави поради неправилното користење на тоа или околното земјиште и земјоделските и шумските култури.

**Член 3**

Ерозивното подрачје во Општина Гази Баба како дел од Скопскиот статистички регион е 3441 хектар.

**Член 4**

Појавите и процесите на ерозија во Општина Гази Баба се категоризирани во сите V категории на ерозија, и тоа процентуално:

- Прва категорија на ерозија (најсилна/екстремна ерозија - области кои се штетни за населбите) е застапена со 0.2%;

- Втора категорија на ерозија (силна ерозија - области кои се штетни за инфраструктурата) е застапена на површина од 2.76 km2, односно 2.5 %;

- Трета категорија на ерозија (средна ерозија - области кои се штетни за земјоделското земјиште) е застапена на површина од 31.0 km2, односно 27.7 % и е втора категорија на ерозија по застапеност во рамките на општината;

- Четврта категорија на ерозија (слаба ерозија - области кои произведуваат значителна количина на ерозивен материјал и нанос/седименти кои доаѓаат директо до коритата на водотеците и се штетни за водниот екосистем (последици од присуство на ерозивен нанос/седимент во коритата на водотеците) е застапена на површина од 22.37 km2, односно 20 %; и

- Петта категорија на ерозија е застапена на површина од 55.,41 km2, односно 49,6 % од вкупната површина на општината (половина општина).

**Член 5**

Сите водотеци во Гази Баба потекнуваат (освен мал дел) и завршуваат во Општина Гази Баба - Смилковски, Црешевски, Винички, Страчински Порој, Страчинска Дрезга, Брњарска река. Сите се дефинирани како опасни поројни водотеци.

**Член 6**

Општината Гази Баба во подножјето на планината Скопска Црна Гора има неколку села со актуелен ризик од ерозија: Раштак, Булачани, Црешево, Страчинци и Брњарци. Падините на планината до врвот на сливот се исто така потенцијална област за ризик од ерозија. Страчинци и Брњарци се селата кои најчесто се опфатени со актуелниот ризик од ерозија.

**Член 7**

Констатирани состојби во коритата и сливните подрачја на водотеците на подрачјето на Општина Гази Баба:

- Намалена протечност на коритата на сите порои и регулации (канали, канал-кинети и кинети) низ и низводно од селата поради:
- Обраснатост на природните и регулираните корита со вегетација;
- Отпад во коритата, особено во Страчинска Дрезга (целосно затворен канал) и Брњарска река;
- Ерозивни подрачја на 300 хектари на Скопска Црна Гора, особено над селата Страчинци и Брњарци, како и делови над други села;
- Неуредени јаруги и урвински процеси кај село Виниче;
- Постоечките прегради во Црешевска река и другите поројни водотеци не се доволни за да го запрат целиот влечен/крупен нанос;
- Страчински порој не е уреден;
- Протечноста на пропустите во Брњарска река е многу мала и во услови на поголеми поројни надоаѓања ќе предизвикат излевање на поројните води од коритото и ќе предизвикат големи штети и несакани последици;
- Узурпација на природните и регулираните корита од месното население; и
- Уништени и деградирани шуми кои не обезбедуваат заштита на земјиштето од појави и процеси на ерозија.

**Член 8**

Примерок од одлуката да се достави до Совет на Град Скопје заради определување на границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија и утврдување на мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1760/8**
**од 25.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.04.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1910/7**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 124 став (2) од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.130/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје, бр.09-1325/1 од 27.03.2018 година, Советот на Општина Гази Баба на Деветтата седница одржана на ден 25.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ" - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.13/15), во членот 2 став (1) алинеја 1 зборовите:

- **"САШКО КОЦЕВСКИ"**, се заменуваат со зборовите:

- **"ФРОСИНА АВРАМОВСКА".**

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ "Григор Прличев" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1760/9**
**од 25.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба го утврди на седницата одржана на ден 25.04.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1910/8**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 27 став (4) и став (5) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 22/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветтата седница одржана на ден 25.04.2018 година, утврди

## Б У Џ Е Т С К И К А Л Е Н Д А Р

## ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба утврди Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година.

**Член 2**

Со Буџетскиот календар на Општина Гази Баба се пропишува постапката и се утврдуваат роковите за планирање на активностите и за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, односно се утврдуваат роковите во кои Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови кои општинските буџетски корисници ги доставуваат до Градоначалникот, се утврдуваат постапките и роковите во кои секторите треба да изготват Предлог-План на Програми за развој на општината за период 2019-2021 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2019 година, како и процедурите и роковите во кои градоначалникот го доставува Предлог-Буџетот до Советот на општината.

| МОЖЕН РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| 01.04-30.04.2018 година | 1.Совет на Општина Гази Баба го донесува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот за 2019 година. |
| 01.05-15.06.2018 година | 1.Известување од секторот за финансиски прашања до раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и до одговорните лица за одредени активности за изготвување на Предлог-План на Програми за развој на општината за период 2019-2021 година и за изготвување Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2019 година. |
| | 2.Секторот за финансиски прашања доставува известување до општинските буџетски корисници со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2019 година. |
| 15.06-15.08.2018 година | 1.Изготвените Предлог-План на Програмите за развој на општината за период 2019-2021 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2019 година со проценка на трошоците за буџетската 2019 година раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и одговорните лица за одредени активности ги доставуваат до секторот за финансиски прашања. |
| | 2.Општинските буџетски корисници ги доставуваат финансиски планови за 2019 година до секторот за финансиски прашања. |

| | |
|---|---|
| 15.08-15.09.2018 година | 1.Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2019-2021 година, Предлог-Програмите за извршување на одделни активности во општината и финансиски планови на општинските буџетски корисници за 2019 година се анализираат, се усогласуваат од страна на секторот за финансиски прашања и се поднесуваат до Градоначалникот. |
| | 2. Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага Трошковен план за 2019 година. |
| | 3. Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага План за приходи за 2019 година. |
| 15.09-30.09.2018 година | Градоначалникот предложените Предлог-План на Програми за развој на општината за периодот 2019-2021 година, Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2019 година и Предлог-Буџетот за 2019 година ги разгледува, ги анализира и ги усогласува со раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и со одговорните лица за одредени активности, ги одобрува и ги доставува до Советот на општината. |
| 01.10-31.10.2018 година | 1.Седница на Советот на општината на која се усвојуват Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2019-2021 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2019 година и Предлог-Буџетот за 2019 година и се дава достапност на јавноста со објавување на нивната содржина. |
| | 2.Се одржуваат јавни расправи. |
| 01.11-15.11.2018 година | Седница на Советот на општината на која се одобруваат Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2019-2021 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2019 година. |
| 16.11-30.11.2018 година | Се изготвува конечен Предлог-Буџет за 2019 година од страна на секторот за финансиски прашања и се доставува до Градоначалникот. |
| 01.12-15.12.2018 година | Градоначалникот го разгледува и го одобрува конечниот Предлог-Буџет за 2019 година и го доставува до Советот. |
| 16.12-25.12.2018 година | Седница на Советот на општината за донесување на Буџетот за 2019 година. |
| 01.01.2019 година | Започнува новата буџетска година. |

**Член 3**

Овој Буџетски календар влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1760/10**
**од 25.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф", НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.04.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1910/9**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветтата седница одржана на ден 25.04.2018 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф", НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА

1. Во Програмата за урбано планирање "Ф" на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/17), се врши следната измена и дополнување:

Во "I.Ф.1 Подпрограма за урбанистичко планирање" точка 2 се менува и гласи:

**2.Пресметување на трошоците за урбанистичко планирање**

Расходите за реализација, според намената и по поедини видови елементи на општината се:

**РАСХОДИ**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | | | | **25.000.000** | **100%** |
| 42 | Стоки и услуги | | | | | 25.000.000 | |
| | 425 | Договорни услуги | | | | 25.000.000 | |
| | | 4256 | Услуги за животна средина и планирање | | | 23.000.000 | |
| | | | 425640 | Изработка на урбанистички планови | | 23.000.000 | |
| | | | | Изработка на урбанистички планови по редовна постапка | | 18.000.000 | |
| | | | | 1 | СИ 01 | | |
| | | | | 2 | СИ 02 | | |
| | | | | 3 | СИ 03 | | |
| | | | | 4 | СИ 04 | | |
| | | | | 5 | СИ 05 | | |
| | | | | 6 | СИ 06 | | |
| | | | | 7 | СИ 07 | | |
| | | | | 8 | СИ 08 | | |
| | | | | 9 | СИ 09 | | |
| | | | | 10 | СИ 10 | | |
| | | | | 11 | СИ 11 | | |
| | | | | 12 | СИ 12 | | |
| | | | | 13 | С17 | | |
| | | | | 14 | С 18 | | |
| | | | | 15 | С 19 | | |
| | | | | 16 | С 20 | | |
| | | | | 17 | С 21 | | |
| | | | | 18 | С 22 | | |
| | | | | 19 | С 23 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 20 | С 26 | | |
| | | | | 21 | ССИ 07 | | |
| | | | | 22 | ССИ 08 | | |
| | | | | 23 | ССИ 09 | | |
| | | | | 24 | ЦС 09 | | |
| | | | | 25 | ЦС10 | | |
| | | | | 26 | ЦС11 | | |
| | | | | 27 | ЦС 12 | | |
| | | | | Урбанистички планови за село на територијата на Општина Гази Баба | | | |
| | | | | 28 | УП за с. Трубарево Р=1: 1000, 1:2500 | | |
| | | | | 29 | УП за с. Гоце Делчев Р=1: 1000, 1:2500 | | |
| | | | | 30 | УП за с. Јурумлери Р=1: 1000 | | |
| | | | | 31 | УП за с. Колонија Идризово Р=1: 1000, 1:2500 | | |
| | | | | 32 | УП за с. Идризово Р=1: 1000,1:2500 | | |
| | | | | 33 | УП за с. Синѓелиќ Р=1: 1000,1:2500 | | |
| | | | | 34 | УП за с. Стајковци Р=1: 1000, 1:2500 | | |
| | | | | 35 | УП за с. Инџиково Р=1: 1000,1:2500 | | |
| | | | | 36 | УП за с. Булачани Р=1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 37 | УП за с. Црешево Р=1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | | УП за с. Viниче Р=1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 38 | УП за с. Страчинци =1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 39 | УП за с. Смилковци Р=1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 40 | УП за с. Брњарци Р=1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 41 | УП за с. Раштак Р=1: 1000 Р=1:2500 | | |
| | | | | 42 | Урбанистички планови вон населено место на територијата на Општина Гази Баба | | |
| | | | | 43 | Изменување и дополнување на УПВНМ СРЦ "Гази Баба", Блок 01 - Општина Гази Баба - Скопје | | |
| | | | | 44 | Општи акти за селата во ОГБ | | |
| | | | | Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови на РМ | | | |
| | | | | Трошоци за спроведување постапка по извештаи за стратешка оцена на влијанието на животната средина за урбанистичките планови, ЛУПД, проекти за инфраструктура и проекти | | | |
| | | | | Трошоци за изготвување и изменување на планови по иницијатива на граѓани и правни лица | | | |
| | | | | Трошоци за изработка на локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба | | | |
| | | | | Трошоци за изработка на архитектонско-урбанистички проекти | | | |
| | | | | Трошоци за изработка на проекти за инфраструктура | | | |
| | | | | Трошоци за изработка на ревизија на планови, ЛУПД, АУП и проекти за инфраструктура | | | |
| | | | | Трошоци за изработка на основни проекти за градби од високоградба за потребите на Општина Гази Баба | | | |
| | | | | Трошоци за изработка на ревизија на основни проекти за градби од високоградба за потребите на Општина Гази Баба | | | |
| | | | | Трошоци за технички дијалог | | | |
| | | | | Ажурирање на геодетски подлоги за планови и други геодетски услуги | | 5.000.000 | |
| | | **4259** | | **Други договорни услуги** | | **2.000.000** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4259 20 | Услуги за копирање, печатење и огласување во дневен печат | 600.000 | |
| | | | 4259 30 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување) конзерваторски основи и сл. | 400.000 | |
| | | | 4529 40 | Рушење на објекти заради реализација на урбанистички планови | 750.000 | |
| | | | 4259 90 | Други договорни услуги | 250.000 | |

3. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1760/11**
**од 25.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОТОКОЛАРНИ АКТИВНОСТИ И ВОСТАНОВЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.04.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1910/10**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 5, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветтата седница одржана на ден 25.04.2018 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОТОКОЛАРНИ АКТИВНОСТИ И ВОСТАНОВЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Во Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/17), се вршат следните измени:

- Во табеларниот и текстуалниот дел на програмата во делот на "традиционални активности", планираната активност - "25. Ден на жената 8-ми март - 240.000,00 денари" **се брише**, а планираните активности редоследно од "26".......... до "36", стануваат планирани активности редоследно од "25".......... до "36".

- Во табеларниот и текстуалниот дел на програмата, во делот "вкупно за програмата", бројот "1.727.000,00 денари" се заменува со бројот **"1.487.000,00 денари"**.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1760/12**
**од 25.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.04.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1910/11**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветтата седница одржана на ден 25.04.2018 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Во Програмата за здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/17), се вршат следните измени:

- Во табеларниот и текстуалниот дел на програмата, во предвидените средства за планираната активност - "14.Кризен центар НАДЕЖ - Проект:Препознај го насилството и пријави! од областа на социјална хуманитарна дејност" бројот "50.000,00 денари" се заменува со бројот **"290.000,00 денари".**

- Во табеларниот дел на програмата, во делот "вкупно", бројот "1.190.000,00 денари" се заменува со бројот **"1.430.000,00 денари"**.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1760/13**
**од 25.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ВИДЕО ЗАПИСИ ОД СЕДНИЦИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за отпочнување на постапка за воспоставување на видео надзор и обезбедување на видео записи од седниците на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.04.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1910/12**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветтата седница одржана на ден 25.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ВИДЕО ЗАПИСИ ОД СЕДНИЦИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Со оваа одлука се отпочнува постапка за воспоставување на видео надзор и обезбедување на видео записи од седниците на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука, да ја спроведе оваа одлука во согласност со законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа материја.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1760/14**
**од 25.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . .8

**ОДЛУКА** за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .10

**ОДЛУКА** за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12

**ОДЛУКА** за прогласување на ерозивни подрачја и подрачја загрозени од ерозија во Општина Гази Баба . . . .14

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .17

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР** за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19

**ПРОГРАМА** за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .22

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .26

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .28

**ОДЛУКА** за отпочнување на постапка за воспоставување на видео надзор и обезбедување на видео записи од седниците на Советот на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 30



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.07/18**
**9 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци